# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО - ОПШТ ДЕЛ” ОД АВТОРИТЕ М-Р МАРИЈА АМПОВСКА И Д-Р ВОЈО БЕЛОВСКИ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102 - 43/20 од 112. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 3.2.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- редовен професор Осман Кадриу, Факултет за правни науки, ФОН универзитет;
- вонреден професор Љупчо Блажевски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„ПРАКТИКУМ ПО ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО - ОПШТ ДЕЛ” од авторите м-р Марија Амповска и д-р Војо Беловски**, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Практикумот **„Практикум по Облигационо право – општ дел”** од авторите м-р Марија Амповска и д-р Војо Беловски претставува заокружена целина конципирана согласно со актуелната Наставна програма по предметот Облигационо право и е наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Предметот Облигационо право се изучува како задолжителен предмет во четврти семестар со неделен фонд на часови (3+2+2). Содржината на практикумот е компатабилна и сеопфатна за студиските програми за кои е наменет и во целост ја следи систематиката и динамиката на наставната програма по предметот Облигационо право и истиот ги задоволува потребите на студентите да добијат знаења од практичен аспект за сите теоретски прашања кои ги изучуваат во рамките на овој предмет.

***Податоци за обемот ракописот***

„Практикумот по Облигационо право – општ дел“ содржи 123 страници, напишани во А4 формат со фонт на букви Arial и големина на фонт 9. Во него се содржани голем број на оригинални вежби креирани од авторите за потребите на наставата, издвоени се делови од други посебни закони (различни од Законот за облигационите односи) кои регулираат материја од областа на облигационото право, презентирани се примери од судската практика претставени преку тужби, пресуди на првостепени судови, пресуди на апелациони судови и начелни правни мислења и сентенци на Врховниот суд на Република Македонија и се претставени примери на голем дел од облигационите договори. Врз основа на изнесеното сметаме дека обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Практикумот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа на општото учење за облигациите. Во нашата земја постои мал број и опфат на јавно презентирана литература од оваа област. Проблематиката разработена

со оваа методологија и во овој обем е неопходна за студентите на Правен факултет, како и за студентите кои ги изучуваат сродните правни дисцилини и други дисциплини.

***Краток опис на содржината***

Практикумот е структуриран согласно со динамиката на изведувањето на наставата и обработката на наставните единици во рамки на студиската програма од прв степен на студии и во чекор ја следи теоријата преку обид да се потврдат знаењата стекнати од неа со спознавањето на практичните примери во кои истата се среќава. Авторите, во оваа смисла, креирале 12 системски единици кои се распределени во 12 вежби, кои во случаи кога тоа го бара природата на материјата, авторите ги спојуваат.

Вежба 1 се однесува на *Изворите на правото* и е претставена преку коментирање на одредби и одговарање на прашања што има за цел препознавање на изворите на облигационото право и потврдување на знаењата стекнати за нив.

Вежба 2 и Вежба 3 се споени и се замислени заедно да се практицираат. Вежба 2 е со наслов *Поим, карактеристики и видови на облигационите односи*, а Вежба 3 е со наслов *Настанување на облигационите односи - Страни, предмет и облигационо-правни факти, содржина и дејство на облигациите*. Вежбите најпрво се состојат во шест практични примери кои се предмет на анализа, кај кои треба да се определи: за кој вид на облигационо-правен однос се работи, каков е односот според страните и кои се страни на овој однос, кои дејствија се предмет на облигациониот однос и каков е односот според видот на истите, каков е односот според неговата содржина, каков е односот според времетраењето и на кој начин престанува овој однос. Понатаму вежбите содржат и еден конкретен пример од судската практика кој е претставен преку тужба и пресуда на првостепениот суд по повод таа тужба. Целта е по извршената анализа на примерот да се детектираат облигационите односи и да се определат според критериумите на поделба познати во теоријата, понатаму да се определат страните, предметот и облигационо-правниот факт на секој однос поединечно и на крај да се определи содржината, односно да се објаснат правата и обврските кои произлегуваат од тие односи. Авторите посебно ја изделуваат Вежбата 3А која се однесува на побивање на должникови правни дејствија како посебен случај на дејство на облигационите односи. Истата проблематика е предмет на практицирање преку анализа на одредби од Законот за стечај и преку анализа на тужба за побивање должникови правни дејствија.

Вежба 4 се однесува на *Промени во облигационите односи*. Оваа тема авторите ја претставуваат низ призмата на практиката преку неколку начини. Најпрво преку анализа на релевантните одредби од Законот за наследување на Р. Македонија, потоа преку практичен пример на договор за цесија, преку анализа на првостепена пресуда за договорно преземање на долг. Посебно се потенцира институтот суброгација, со претставување на еден познат случај од практиката кој е лесно препознатлив за студентите во овој случај – задолжителното осигурување од автомобилска одговорност.

Вежба 5 се однесува на *Престанување на облигационите односи*. Престанувањето на облигационите односи практично е претставено преку анализа на пресуда за раскинување на договор за дар, анализа на пресуда за враќање на долг, анализа на договор за новација и анализа на правно мислење на Врховниот суд за застарување на регресно побарување.

Вежба 6 со наслов *Општо за договорите* и Вежба 7 - *Општи услови за настанување на договорите и класификација на договорите*, повторно се споени поради природата на материјата што ја опфаќаат и авторите замислиле совладување на наведените прашања преку нивно заедничко практицирање. Најпрво, предмет на анализа е Одлука на Апелационен суд за полноважност на договор за доживотна издршка, а целта е да се утврдат општите услови за настанување на договор во конкретниот случај и да се утврди кој општ услов е засегнат со примерот и на кој начин тоа е направено. Потоа, предмет на анализа е исто така одлука на Апелационен суд во која е потенцирано значењето на институтот ништовност и која дава можност за негово практично проучување, посебно во случаите на лихварските договори. Понатаму, како предмет на анализа во рамки на зададената тема авторите приложуваат неколку обрасци на договори, кои слободно можеме да ги окарактеризираме како секојдневни, најраспространети и лесно препознатливи за оние кои ќе имаат задача да ги анализираат. Предмет на анализа се договорот за купопродажба, договорот за издршка,

договорот за отстапување на имот за време на живот, договорот за дар на недвижен имот, договорот за заем на парични средства, договорот за закуп на станбен простор и договорот за дело. На крајот од оваа вежба, авторите преку начелно мислење на Врховниот суд на Р. Македонија прават предмет на анализа прашањето за нуштовност на договорите.

Вежба број 8 насловена како *Облигациони односи што настануваат со причинување на штета (општи и посебни услови)* и Вежба број 9 со наслов *Видови на одговорност за причинета штета* се практицираат преку низа на судски пресуди кои авторите ги прават предмет на анализа, со цел да се детектираат следниве одговори: да се определат страните на облигациониот однос, видот на облигациониот однос и неговата содржина во поглед на правата и обврските на страните, да се определат општите и посебните услови за настанување на конкретниот облигационен однос, да се определи штетното дејствие во случајот, да се определи посебниот услов и истиот да се елаборира, да се определи видот и обемот на штетата за која станува збор во конкретниот случај и на крајот да се определи видот на одговорност. Авторите внимателно ги одбрале случаите од судската практика, преку изборот на судски пресуди на првостепени и апелациони судови, како и на Врховниот суд на РМ. Одбраните судски пресуди овозможуваат запознавање преку практични случаи со субјективната, објективната и договорната одговорност. Посебно место во анализата на видовите одговорност зазема и одговорноста на државата која е претставена преку анализа на еден добро познат случај од нашето непосредно минато, а тоа е воениот конфликт што се случи во Република Македонија во 2001 година.

Вежба 10 носи наслов *Надомест на штета (надомест на материјална и нематеријална штета)*. Институтот надомест на нематеријална штета авторите исклучиво го претставуваат преку практика на првостепените судови и пресуди на Врховниот суд. Материјалната штета е предмет на анализа преку тужба за надомест на материјална штета и пресуда на првостепен суд.

Вежба 11 се однесува на *Стекнување без основа*. Овој облигационен однос е претставен преку тужба на основа стекнување без основа и пресуда на првостепен суд. Анализата на конкретниот пример од судската практика има за цел да ги поткрепи теоретските знаења за овој вид облигационен однос и да го направи лесно препознатлив за читателот во иднина.

Вежба 12 носи наслов *Работоводство без налог и еднострани изјави на волја (јавно ветување награда и издавање хартии од вредност)* и ги обработува преостанатите два вида на облигациони односи кои постојат во правото на нашата држава, со што овој практикум станува една сеопфатна и заокружена целина. Практичниот аспект на овие облигациони односи кои поретко ги среќаваме во практиката е претставен преку еден пример за јавно ветување на награда, направено преку дневен печат и преку анализа на одредбите од нашиот Закон за облигационите односи кои се однесуваат на хартии од вредност.

## ЗАКЛУЧОК

Внимателното читање и анализата на „Практикумот по Облигационо право - општ дел“ нè доведоа до заклучок дека авторите успешно го воведуваат читателот во еден свет на облигационите односи среќавани во примерите од судската практика, притоа не губејќи ја ниту за момент врската со правната теорија и секогаш потпирајќи се на неа. Авторите, преку внимателно одбраните тужби, пресуди на првостепени и апелациони судови, пресуди, правни мислења и начелни мислења на Врховниот суд на РМ, како и примери на договори, го запознаваат читателот со случаи со кои тој секојдневно се соочува во општествениот живот, но овој пат му даваат можност да ги запознае и анализира на еден систематизиран, теоретски заснован начин.

Примерите што се предмет на анализа се јасни, содржински конзистентни и соодветствуваат на теоретските прашања за чие практицирање се предвидени, уште повеќе што се бирани на начин во иднина читателот лесно да ги препознае сличните случи во практиката и на лесен начин да го утврди своето познавање од теоријата.

Во поглед на односот на содржината на практикумот со наставната материја за чие практицирање е наменет можеме да кажеме дека истиот е интегрален, целисходен и исцрпен

широчината на опфатот на претставените примери од практиката и законодавството. Сметаме дека истиот ќе биде од корист за студентите и од правните и од сродните дисциплини да стекнат потребни практични познавања од оваа област.

Имајќи го предвид наведеното, со големо задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип му предлагаме учебното помагало (практикум) со наслов **„Практикум по Облигационо право - општ дел”** од авторите м-р Марија Амповска и д-р Војо Беловски да биде одобрена за издавање во форма на рецензиран електронски практикум во е - библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Осман Кадриу, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Блажевски, с.р.**